АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

Врз основа на член 22, 23, 24, 46, 47, 48 и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), согласно Одлука за продажба на движни ствари- патнички моторни возила бр.02-3669/6 од 09.06.2025 година од Одбор на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Одлука за продажба на движни ствари на Владата на Република Северна Македонија бр.50-5851/13 од 05.08.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/25), Комисијата за продажба на движни ствари-патнички моторни возила на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје објавува:

# ОБЈАВА бр.1/2025

**за продажба на движни ствари–патнички моторни возила за старо железо**

**по пат на електронско јавно наддавање**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**Предмет на електронско јавно надавање е продажба на движни ствари - патнички моторни возила, за старо железо, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за продажба на движни ствари бр.50-5851/13 од 05.08.2025 година, со следните податоци:**

**а) сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор одначење за Републиката -Скопје:**

**1. Renault G Laguna 1.8l 16V, регистарска ознака SK-3119-АБ, број на шасија VF1BG0B0525217304, година на производство 2001, работна зафатнина 1783 и моќност на мотор 89, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**2. Fiat Tipo 1.4S Carb/Cat, регистарска ознака ŠT-861-AL, број на шасија ZFA16000004817586G, година на производство 1993, работна зафатнина 1372 и моќност на мотор 51, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**3. ŠKODA Fabia, регистарска ознака SK-839-LR, број на шасија TMBHD46Y923562847, година на производство 2002, работна зафатнина 1390 и моќност на мотор 74, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**4. ŠKODA Octavia, регистарска ознака SK-674-TD, број на шасија TMBSL41U738669218, година на производство 2002, работна зафатнина 1761 и моќност на мотор 110, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**5. Volkswagen Passat 1.9 TDI, регистарска ознака SK-3902-AO, број на шасија WVWZZZ3BZ3P046498, година на производство 2002, работна зафатнина 1896 и моќност на мотор 96, со проценета вредност за 1kg (воденари) -12 денари без ДДВ;**

**6. Audi A4 1.8T, регистарска ознака SK-972-LK, број на шасија WAUZZZ8E93A035049, година на производство 2002, работна зафатнина 1781 и моќност на мотор 110, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**7. Volkswagen Golf CL, регистарска ознака SK-892-TL, број на шасија WVWZZZ1HZRB088524, година напроизводство 1993, работна зафатнина 1391 и моќност на мотор 44, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**8. Zastava Tempo 1.1, регистарска ознака SK-3118-AB, број на шасија VX1145A0001064834, година на производство 2000, работна зафатнина 1116 и моќност на мотор 40, со проценета вредност за 1kg (Во денари) -12 денари без ДДВ;**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

**9. Fiat Punto 55 Sole, регистарска ознака SK-794-JF, број на шасија ZFA17600004947509, година на производство 1999, работна зафатнина 1108 и моќност на мотор 40, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**10. Fiat Punto 55, регистарска ознака SK-504-JE, број на шасија ZFA17600004954649, година на производство 1999, работна зафатнина 1108 и моќност на мотор 40, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**11. Seat Sa. Leon 1.M, регистарска ознака SK-031-MZ, број на шасија VSSZZZ1MZ3R009688, година на производство 2002, работна зафатнина 1595 и моќност на мотор 74, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**12. Peugeot 406 SL, регистарска ознака SK-062-MU, број на шасија VF38BLFYD80070883, година на производство 1996, работна зафатнина 1761 и моќност на мотор 82, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**13. Renault LA Megane Classic, регистарска ознака SK-3117-AB, број на шасија VF1LA1U0526637521, година на производство 2002, работна зафатнина 1870 и моќност на мотор 59, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ;**

**14. Fiat Punto, регистарска ознака SK-503-JE, број на шасија ZFA17630004947470, година на производство 1999, работна зафатнина 1108 и моќност на мотор 40, со проценета вредност за 1kg (во денари) -12 денари без ДДВ и**

**б) сопственост на Република Северна Македонија, а чиј корисник е Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје**

**1. Peugeot 607 2.0, регистарска ознака SK-6234-AO, број на шасија VF39DRFNC92102382, година на производство 2003, работна зафатнина 1997 и моќност на мотор 100, со проценета вредност за 1kg (во денари) - 12 денари без ДДВ**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

## 2. НАЧИН НА ПРОДАЖБА И ПОЧЕТНА ЦЕНА

**Продажбата на движните ствари од точка 1 од Објавата ќе се изврши ЗАЕДНО (како една целина) по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно – правни работи, со проценета вредност од 12 денари по килограм без ДДВ утврдена согласно Процената од Министерство за правда - Бирото за судски вештачења бр.СВ/EL V – 19/25-5 од 9.5.2025 година, во која е проценета вкупната вредност на движните ствари во износ од 187.776,00 денари, без вклучен ДДВ.**

**Почетната цена на електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 187.776,00 денари, без вклучен ДДВ.**

**Продажбата се врши по принцип видено-купено (без можности за дополнителни рекламации).**

**Заинтересираните лица можат да ги видат движните ствари додека трае објавата, во работно време ( 08:00-16:00 часот ) на следните локации:**

**- Возило Renault LA Megane Classic, регистарска ознака SK-3117-AB, локација ул. „Балканска“ бр.4, Кавадарци, а по претходна најава на тел. 070/239-018;**

**- Возило Fiat Punto, регистарска ознака SK-503-JE, локација ул. „Маршал Тито“ бб, Тетово, а по претходна најава на тел. 070/270-038;**

**- Возило Peugeot 406 SL, регистарска ознака SK-062-MU, локација ул. „Браќа Ламески“ бб, Прилеп, а по претходна најава на тел. 070/346-917 и**

**- сите останати возила на локација ул 1732 бр.2 Скопје, Центар, а по претходна најава на тел. 022633800**

**3. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА**

**Банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 2% од висината на проценетата вредност на движните ствари, односно висината на Банкарска гаранција за сериозност на понудата изнесува 3.755,52 денари.**

**Времетраењето на банкарската гаранција е потребно да биде со рок на важност од 120 дена од денот на издавањето.**

**Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку:**

**- избраниот најповолен понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор не ја уплати понудената последна цена на електронското јавно наддавање,**

**- избраниот најповолен понудувач нема да го склучи договорот за продажба,**

**- избраниот најповолен понудувач одбие или не достави нова банкарска гаранција со која го продолжува времетраењето на претходната гаранција доставена од понудувачот во постапката.**

**Во случај на наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари.**

**Секоја пријава/понуда што не содржи гаранција за сериозност на понудата или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите во објавата, ќе биде отфрлена и нема да учествува на електронското јавно наддавање.**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

**Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.**

**4. ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**Електронското јавно наддавање ќе се одржи на ден 18.12.2025 година во 10.00 часот со системот https://.e-aukcii.finance.gov.mk**

**5. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

**Право на учество на електронското јавно наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на движните ствари на територија на Република Северна Македонија согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.**

**Заинтересираните лица можат да учествуваат со поднесување на Пријава за учество.**

**6. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО**

**Заинтересираните правни и физички лица електронски поднесуваат Пријава за учество на јавното наддавање, која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во објавата.**

**Заинтересираните правни или физички лица можат да учествуваат на јавното наддавање само за сите возила заедно, односно јавното наддавање ќе биде групно за сите возила наеднаш.**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

**7. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на системот: https://e-aukcii.finance.gov.mk.**

**Корисниците кои претходно го користеле овој систем се најавуваат со претходната регистрција. За корисниците кои прв пат ќе се најавуваат потребно е да извршат регистрација. На самиот систем постои упаство за регистрација и користење на системот.**

**Во прилог подносителот треба да поднесе:**

**1. Пријава за учество на јавното наддавање, која треба да ги содржи сите податоци утврдени во објавата**

**2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од висината на проценетата вредност на движните ствари, односно висината на Банкарска гаранција за сериозност на понудата изнесува 3.755,52 денари. За правни лица – тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде е регистриран правниот субјект не постара од шест месеци до денот на завршување на објавата;**

**3. За странски правни лица – извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа;**

**4. За физички лица – Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа.**

**5. Изјава со која што се прифаќаат условите дадени во објавата бр.1/2025.**

**Сите горенаведени документи во хартиена форма, во рокот за пријавување, во затворено плико со назнаки „За Објава за продажба на движни ствари–патнички моторни возила за старо железо по пат на електронско јавно наддавање бр.1/2025“ и „Не отварај“ по пошта или во архива на следната адреса: Акционерско друштво за изградба и**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

**стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје на адреса ул.„Орце Николов“ бр.138. Исто така горе наведените документи скенирани се прикачуваат на системот за електронска аукција.**

**7. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**За учество на јавното наддавање, подносителите се должни електронски да се пријават до истекот на 20-ти ден, сметано од денот на објавата односно почнувајќи од 19.11.2025 година заклучно до 08.12.2025 година.**

**Подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, во рок од 5 дена од истекот на времетраењето на објавата ќе бидат информирани преку системот дали им е одобрена или одбиена пријавата.**

**8. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

**Јавното наддавање се спроведува согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21).**

**Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на движната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.**

**Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.**

**Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на движната ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.**

**Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.**

**Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на движната ствар се намалува за 2% од проценетата вредност по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно да ја зголемуваат цената на движната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда.**

**Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на движната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.**

**Намалувањето на вредноста за движната ствар во текот на наддавањето може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност и ако нема понудена цена аукцијата автоматски се затвара.**

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

**По завршувањето на јавното наддавање до сите учесници на јавното наддавање стасува записник од текот на аукцијата кој е конечен.**

**За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на движната ствар.**

**Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за продажба на движнате ствари на сметка на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор одначење за Републиката –Скопје и на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договорот, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари.**

**По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од 15 (петнаесет) работни дена по извршената уплата на цената на движните ствари, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор одначење за Републиката –Скопје, склучува договор за продажба на движните ствари во писмена форма согласно одредбите од Законот за облигациони односи кој особено треба да ги содржи основните елементи: страни на договорот, предмет на договорот, податоци за движната ствар која е предмет на продажба, обврска на понудувачот за плаќање на нотарските трошоци, обврска за плаќање на постигнатата цена, права и обврски на договорните страни и сл. По склучување на договорот понудувачот, а подоцна во својство на купувач по склучениот договор во рок од 30 дена истиот го доставува кај Нотар заради вршење на солемнизација. Обврската за трошоци за солемнизација на Договорот паѓа на товар на купувачот.**

**Учесниците имаат право на приговор само по однос на постапката за јавното електронско наддавање, во рок од 3 (три) дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од 5 (пет) дена од приемот на приговорот.**

**Против решението донесено од Комисијата, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**Детални информации поврзани за постапката и предметот на продажба можат да се добијат на телефон: 022633 800- Дане Велинов и Горан Петрушев.**

**9. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДВИЖНИТЕ СТВАРИ**

**Најповолниот понудувач, како купувач, има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на објавата од локацијата наведена во точка 2 од Објавата и притоа за истите на Акционерското Друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да издаде Потврда за превземање на искористено возило согласно прописите за управување со отпад.**

**Трошоците при преземање, транспорт и натамошен соодветен третман/складирање на движните ствари, се на товар на најповолниот понудувач – купувачот.**

**Комисија за продажба на движни ствари-патнички моторни возила во**
**Акционерското друштво за изградба и стопанисување**
**со станбен простор и со деловен простор**
**од значење за Републиката – Скопје**